РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1865/2
19.09.2024 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение Отворена Порта ул. Бахар Моис бр. 5-а, 1000 Скопје, со број 10-1865/1 од 16.09.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение Отворена Порта, заверено под број 10-1865/1 од 16.09.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение Отворена Порта , преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 16.09.2024 година заверено под број 10-1865/1, со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: одвојени парични средства на годишно ниво за програми за помош и подршка на жртви на трговија; колку од средствата во 2022 и 2023 година се одвојуваат.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува во Буџетот на Општина Ресен за 2024 година не се планирани средства за помош и подршка на жртви на трговија; Во Буџетот на Општината за 2022 година и 2023 година не се планирани средства за овие намени.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН